РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-314
11.09. 2020 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/12 од 10.09.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 22-ри јули 2020 година, епизода од играниот серијал „Laila – Huerfanos de us tierra“ беше емитувана во несоодветен програмски термин, а промотивните најави за наведениот игран серијал не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма, и тоа:

- епизодата од играниот серијал „Laila – Huerfanos de su tierra„ беше означена со предупредувачки знак - 12+, односно - трета категорија програма, која може да се емитува само по 20 часот, емитувана е пред оваа временска зона, односно со почеток од 19:31:07 часот до 20:15:57 часот, и
- промотивните најави за играниот серијал „Laila – Huerfanos de su tierra емитувани во периодот од 04:11:15 часот до 04:12:15 часот, од 04:14:34 часот до 04:15:34 часот, од 07:57:19 часот до 07:58:19 часот, од 08:57:40 часот до 08:58:40 часот, од 10:42:55 часот до 10:43:55 часот, од 11:07:56 часот до 11:08:56 часот, од 12:18:45 часот до 12:19:45 часот, од 13:04:55 часот до 13:05:55 часот, од 14:38:32 часот до 14:39:32 часот, од 15:24:19 часот до 15:25:19 часот, од 15:53:35 часот до 15:54:35 часот, од 16:43:33 часот до 16:44:33 часот, од 17:03:16 часот до 17:04:16 часот, и од 17:45:06 часот до 17:46:06 часот не беа обележани со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 10 август 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 22 јули 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот е констатирано дека, на 22-ри јули 2020 година, епизода од играниот серијал „Laila – Huerfanos de us tierra" беше емитувана во несоодветен програмски термин, а промотивните најави за наведениот игран серијал не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма, и тоа: епизодата од играниот серијал „Laila – Huerfanos de su tierra„ беше означена со предупредувачки знак - 12+, односно - трета категорија програма, која може да се емитува само по 20 часот, емитувана е пред оваа временска зона, односно со почеток од 19:31:07 часот до 20:15:57 часот, и промотивните најави за играниот серијал „Laila – Huerfanos de su tierra емитувани во периодот од 04:11:15 часот до 04:12:15 часот, од 04:14:34 часот до 04:15:34 часот, од 07:57:19 часот до 07:58:19 часот, од 08:57:40 часот до 08:58:40 часот, од 10:42:55 часот до 10:43:55 часот, од 11:07:56 часот до 11:08:56 часот, од 12:18:45 часот до 12:19:45 часот, од 13:04:55 часот до 13:05:55 часот, од 14:38:32 часот до 14:39:32 часот, од 15:24:19 часот до 15:25:19 часот, од 15:53:35 часот до 15:54:35 часот, од 16:43:33 часот до 16:44:33 часот, од 17:03:16 часот до 17:04:16 часот, и од 17:45:06 часот до 17:46:06 часот не беа обележани со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецfollowing е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово на 11.08.2020 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-314 од 11.08.2020 година,

со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот и Правилникот.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ---та седница одржана на 10.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/12 од 10.09.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3166/1 од 10.08.2020 година.

**Доставено до:**

-Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
-Управителот на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 10.08.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3166 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 22 јули 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 август 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. Претходно изречена мерка: Нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 22 јули 2020 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 *(временски периоди за категориите програми)* и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица *(Објавите – промотивните најави - за програмите задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува;).*

Спротивно на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот серијал „*Laila – Huerfanos de su tierra*" беше означен со предупредувачки знак – 12+, односно - трета категорија програма, која може да се емитува само по 20 часот, а на 22 јули 2020 година, се емитуваше пред оваа временска зона.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „*Laila – Huerfanos de su tierra*" | 19:31:07 | 20:15:57 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Епизодата од серијалот „*Laila – Huerfanos de su tierra*", означена со предупредувачка сигнализација - 12+ - програма од трета категорија, која може да се емитува само по 20 часот, на 22 јули 2020 година, е емитувана со почеток од 19 часот 31 минута и 7 секунди. | | |

Спротивно пак, на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, најавите / објавите за играниот серијал „*Laila – Huerfanos de su tierra*", емитувани во повеќе периоди на 22 јули 2020 година - не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „*Laila – Huerfanos de su tierra*" | 04:11:15 | 04:12:15 |
| | 04:14:34 | 04:15:34 |
| | 07:57:19 | 07:58:19 |
| | 08:57:40 | 08:58:40 |
| | 10:42:55 | 10:43:55 |
| | 11:07:56 | 11:08:56 |
| | 12:18:45 | 12:19:45 |
| | 13:04:55 | 13:05:55 |
| | 14:38:32 | 14:39:32 |
| | 15:24:19 | 15:25:19 |
| | 15:53:35 | 15:54:35 |
| | 16:43:33 | 16:44:33 |
| | 17:03:16 | 17:04:16 |
| | 17:45:06 | 17:46:06 |

| | | |
|---|---|---|
| | 17:58:08 | 17:59:08 |
| | 18:59:21 | 19:00:21 |
| | 19:19:05 | 19:20:05 |
| | 20:16:10 | 20:17:10 |
| | 22:53:00 | 22:54:00 |
| <u>Опис на прекршувањето</u><br><br>Промотивните најави за играната програма не се обележани со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата програма. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на 22 јули 2020 година, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, епизода од играниот серијал „*Laila – Huerfanos de su tierra*" беше емитувана во несоодветен програмски термин, а најавите за серијалот не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација.

9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението за преземање мерка јавна опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица;

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***